# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЦИ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ
# УЧИЛИШТЕ : О.У. „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"- БИТОЛА
# УЧЕБНИК: МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК Ⅸ ОДД

# НАСТАВНИК :ИНЏИ МАХМУДИ

Од 17 – 28 март 2020

- Метафора

-Пишување На расказ на дадена тема

- Проста и сложена реченица

- Односни зависносложени реченици

# Интерпретација и анализа на песната „ Очите на мајка ми “ – стара јапонска песна ( стр. 121)

- Прочитај ја песната и направи анализа :

- На кој литературен род припаѓа песната ?

- Колку строфи брои песната:

- Колку стихови брои песната :

- Порака:

- Мотив:

- Стилски фигури :

# Метафора

- Семантички стилски изразни средства (тропи) се изразни средства каде зборот добива поинаква смисла. Поточно, семантиката е наука за значењето на зборовите, нивната внатрешност, па оттука овие стилски изразни средства се однесуваат на тие внатрешни својства на зборовите.

- **Метафората** е скратена споредба. Кај неа не се кажува што со што се споредува, туку се искажува само вториот член на споредбата. Метафора може да биде и замена на значењето на еден збор со значењето на друг.
- …Срце – порта највисока
  срце – куќа најширока…

- Вежба – Пронајди метафора во песната „ Очите на мајка ми “

# Пишување на расказ на дадена тема

- Напиши расказ на тема „ Одржување на зградата и здрава средина во училиштето“

# Реченица (повторување)

- **Реченица** е синтаксичка единица организирана според правилата на јазикот која има еден прирошки показател (личноглаголска форма).
- Односно, реченицата содржи еден прирок, а зборовите во неа се подредени според синтаксичката шема на јазикот (во точен редослед).
- **Карактеристики на речениците**
- 1. Реченицата има своја **содржина** и дава некаква **информација**.
- 2. Реченицата има своја **интонација** со што се изделува како целина од другите делови на текстот.
- Интонацијата е многу важна и го менува значењето на реченицата. Исти зборови изговорени со различна интонација доведуваат до различно разбирање на смислата.
- На пример:
- Дамјан брише.
- Дамјан брише?
- Дамјан брише!

- 3. Реченицата има своја граматичка структура која е организирана според синтаксичката шема на јазикот.
- Односно, зборовите во реченицата ги подредуваме по **точен редослед**. (Ова е појаснето во воведот со примерот на неправилно подредените зборови.)
  .
  4. Со реченицата се изразува **ставот на говорителот** (модалност на реченицата).
- .
- 5. Реченицата се разгледува како **дел од текстот**.

# Проста реченица

- **Проста реченица е реченица или дел-реченица која има само една независна реченица, односно може да стои самостојно без да има потреба од друг тип реченица.**

- Најчесто простата реченица е составена од подмет и прирок, но не се исклучува можноста таа да има и други додатоци.
- Основниот елемент на простата реченица е **прирокот** кој отвора место за подметот и други реченични членови.
- Прирок морфолошки е глагол.

# Сложена реченица

- **Сложената реченица во македонскиот јазик** е синтаксичка единица што содржи најмалку два прирока, а како резултат на тоа реченицата има две реченици поврзани меѓу себе според контекстот на истите. Односот на речениците во рамките на една сложена реченица може да биде од два вида, односно ако двете реченици не зависат една од друга тогаш тие се нарекуваат независноложени реченици. Од друга страна пак, ако едната реченица биде поставена во зависен однос кон другата реченица тогаш таа реченица е зависносложена реченица. Одделните реченици што влегуваат во состав на една сложена реченица се нарекуваат дел-реченици.
- Сложените реченици исто така може да се поделат и врз основа на тоа дали содржат сврзници или не. Така, тие реченици што содржат сврзници и сврзувачки зборови се нарекуваат сврзнички или синдетонски реченици, додека тие што не содржат се нарекуваат бесврзнички или асидентонски реченици. Понекогаш не може јасно да се одреди една реченица во кој тип спаѓа поради самата природа на истата.

# Видови сложени реченици

- Сложените реченици во македонскиот јазик се делат на независносложени и зависносложени реченици.
- Во независносложените реченици спаѓаат составните, спротивните, разделните, исклучните и заклучните реченици.
- Во зависносложените реченици спаѓаат временските, причинските, последичните, целните, условните, допусните, начинските, односните и исказните.

Петар **учи**. (проста реченица)
Петар **учи** и **пишува** домашна работа. (сложена реченица)

Петар **учи** и **пишува** домашна работа, а потоа ќе ја **чита** лектирата. (сложена реченица)



- Простите реченици претворете ги во сложени:

  1. Лисјата паѓаат ___________
  2. Марија црта ____________
  3. Учениците учат __________
  4. Ѕвончето заѕвони __________
  5. Ана пее _________

# Граматички вежби

**1.Направиле ластовичките гнездо, под стреата на една селска куќа. Им се извеле дечиња, ги одгледале и есента сите си заминале.**

- - Проста реченица е:
- - подмет е :
- - прирок е:
-
- - Сложена реченица е:
- - прироци се:
- - подмет е:
- 2. Напиши една проста реченица и истата претвори ја во сложена!
-
- Одговор:
-
- Одговор:

# Односни зависносложени реченици

- Зависносложени реченици се оние кај кои има најмалку една главна и една зависна дел-реченица. Сврзникот секогаш е кај зависната дел-реченица.
- Сврзници
- - односни заменки : кој, што  и чиј
- -односни заменски придавки : каков што, колкав што
- -односни заменски прилози : каде што, кога, како што
- Пр.
- 1. Во овој натпревар нашата репрезентација постигна два гола,што беше вистинско изненадување.
- 2. Андреј си ја зема унформата која што многу често ја заборава во училиште.
- 3.Јас не ја прочитав книгата којашто ја добив како подарок.

- Карактеристично за односните реченици е тоа што како сврзувачки средства се јавуваат сите односни заменски зборови:
- Сврзници: што, кој, којшто, чиј, чијшто, каков што, колкав што, каде што, кога, како што, колку што
- Пр.:
  *Тој, што стоеше до мене, цело време се смееше.*
  *Тешко се наоѓа дете какво што е нејзиното.*
- Зависната дел-реченица може да се однесува на еден член од главната (најчесто вршителот на дејството) или на целата главна реченица. Обично зависната стои во средината на главната реченица како дообјаснување.
- Кај односните реченици во кои односната заменка се однесува на целата главна, редовно се пишува запирка. Во рамките на неопходните односни реченици не се пишува запирка, а кај придружните редовно се пишува запирка. Кај вметнатите дел-реченици кои се однесуваат на еден реченичен член се пишуваат две запирки и на почетокот и на крајот од зависносложената реченица.

- Вежба : Напиши 10 односно зависносложени реченици